ООУ ”Методи Митевски-Брицо” Лозово

Согласно Законот за Основното образование (Сл. весник на РСМ бр.161/2019, чл.60) го објавува следното

ИЗВЕСТУВАЊЕ
за запишување на деца-обврзници во прво одделение за учебната 2024/2025 година

Почитувани родители/старатели,
ве известуваме дека ООУ “Методи Митевски-Брицо” Лозово, во текот на месец мај 2024 година ќе врши запишување на деца-обврзници во прво одделение за учебната 2024/2025 година.

Право на упис за учебната 2024/25 година имаат деца кои се родени во 2018 година (кои до 31.12. 2024 година ќе наполнат 6 години). Детето може да биде запишано во прво одделение и ако е родено во месец јануари 2019 година (по претходно писмено барање од родителот/старателот и добиено мислење од психологот и/или педагогот во училиштето).

При запишување на детето во прво одделение, родителот односно старателот треба да ги достави следниве документи:

1. **Извод од матична книга на родени на детето (фотокопија);**
2. **Потврда за примени задолжителни вакцини на детето издадена од надлежна здравствена установа (Служба за вакцинација во здравствен дом);**
3. **Потврда за извршен стоматолошки преглед на детето издадена од надлежна/јавна здравствена установа;**
4. **Потврда за извршен офталмолошки преглед на детето издадена од надлежна здравствена установа;**
5. **Лична карта од родител/старател (на увид).**

При запишување на дете со попреченост во прво одделение родителот, односно старателот е должен да достави и мислење од комисијата за проценка на деца и младинци за дополнителна образовна, социјална и здравствена поддршка според МКФ.

За дополнителни информации можете да се обратите на телефон 032 458 005
е-пошта: mmbricolozovo@gmail.com

Со почит,
Директор
Горанче Велков

